**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Државен просветен инспекторат**

Број: 09-04/6

**09.07.2024** година

Ново Село

| **ООУ „Мануш Турновски“ Ново Село** | |
|---|---|
| Конечениизвештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 18-20.03.2024 |
| **Број на извештај:** | 4 /југоисточен /2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Драган Бојмалиев |
| **Вид на училиштето:**<br>**Основач на училиштето:** | Основно училиште<br>Општина Ново Село |
| **Наставен јазик:** | Македонски наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 237 |
| **Полова структура на ученици:** | 118 машки и 119 женски |
| **Број на наставници:** | 70 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Станка Тренова |
| **Директор на училиштето:** | Ленче Митева |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 28-31.01.2019 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Климент Охридски“ бр.4 Ново Село |
| **Телефон:** | 076/442-219 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ou-manushturnovski-novoselo@schools.mk |
| **Оценка ИЕ** | 2,84 |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 и 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

## РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција во периодот од 18.03.2023 до 20.04.2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село.

Посетени беа наставниците кои реализираат настава во училиштето, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници, Училишниот одбор, Советот на родители и Ученичката заедница.Се водеа разговори со фокус група на ученици и наставници,наставници-членови на стручни активи,членови на тим на изготвување на самоевалуацијата и админстративна служба.

Инспекторите ги посетија часовите на 49 наставника во одделенска и предметна настава во училиштето.

Воспитно-образовната дејност во ООУ „Мануш Турновски“- Ново Село едобра[1] (2,84).

Констатираното квалитативно ниво е добиено врз основа на увидот во целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со наставниците, родителите и учениците¸анализа на доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба и родители,како и од посетата на наставните часови.

Наставата во ООУ „Мануш Турновски“- Ново Село, се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставата во прво, второ,трето, четврто, петто и шесто одделение се реализира согласно концепцијата за основно образование за учебната 2023/2024 година.

Во училиштето се реализираат наставни планови и програми за основно музичко образование по теорија и солфеж за ученици од прво до деветто одделение и наставни планови и програми по пијано и клавир за учениците од второ до деветто одделение.

Училиштето користи повеќе различни начини и средства (брошура, веб страна) да ги информира учениците и родителите за целите на наставните планови и програми како и за целите што се однесуваат на меѓуетничка интеграција.

Училиштето е инклузивно и на ниво на училиште е формиран Училишен инклузивен архивиран со бр. 02-334/6 од 10.03.2022 година. Училишниот инклузивен тим има изготвено Програма за работа и преку планирани активности ја реализира програмата соработувајќи со наставниот кадар, учениците, родителите, НВО, локалната средина.Индивидуалните образовни планови се изработуваат од инклузивните тимови формирани за секој ученик посебно.

Постапката за изборни предмети се спроведува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Училиштето нуди повеќе од три (3) изборни предмети, според наставниот план. Во училиштето има воспоставена процедура за избор од понудени дванаесет предмети во четири подрачја во IV и V одделение, додека во VI одделение се понудени дванаесет наставни предмети од четири подрачја, од VII до IX одделение се понудени три наставни предмети со потенцирање дека изборните предмети од претходната година не треба да се повторуваат.Училиштето не реализира проширена програма и училиштето нема податок дали

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

родителите имаат потреба училиштето да организира проширена програма за учениците кои имаат потреба од истата.

Во училиштето се негува родовата рамноправност и мултикултурната сензитивност при реализацијата на наставните планови и програми. Училиштето нема партнер училиште и нема формирано МИО тим кој ќе доставува извештај од спроведени заеднички активности со партнер училиштето. Училиштето во рамки на наставните програми реализира самостојни МИМО содржини.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат.

Училиштето планира и реализира вонраставните активности кои се дел од државните образовни политики и се спроведуваат во сите училишта во државата, во училиштето редовно се реализираат и активности, хуманитарни акции за ученици од училиштето, при одбележување на меѓународни денови, на празници и други општински манифестации.Училиштето има формирано УСК „Мануш Турновски“-Ново Село со бр.30820150000498 од 23.02.2015г. кој не е вклучен во системите на натпревари кои ги организира федерацијата на училишни спортови на Република Македонија, а училиштето со учениците реализира разни спортски натпревари по кошарка, фудбал, атлетика. .

Во училиштето се реализираат во мал број слободни ученички активности со предходно изготвени програми за работа на секциите. Учениците се вклучуваат во вонраставните активности според сопствени афинитети. За секоја вонраставна активност определени се одговорни наставници. Учениците членуваат во следните секции: спортска секција, ликовна секција, хор и оркестар, литературна секција, рецитаторско-драмската секција, математичка секција, секција по биологија и хемија.

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Средниот успех на учениците во последните три учебни години изнесува: за учебната 2020/2020 година среден успех на учениците изнесува 4.27; за учебната 2021/2022 година средниот успех изнесува 4.18 и за учебната 2022/2023 година средниот успех е 4.28.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и превзема конкретни активности за подобрување на состојбата со редовноста. Во учебната 2020/2021 година просечниот број на изостаноци изнесува 4.98 по ученик од кои 4,7 оправдани и 0.28 неоправдани по ученик. Во учебната 2021/2022 година просечниот број на изостаноци изнесува 9,24 по ученик од кои учениците имаат 9 оправдани и 0,24 неоправдани по ученик. Во учебната 2022/2023 година просечниот број на изостаноци изнесува 15,63 по ученик од кои 15 оправдани и 0,63 неоправдани по ученик.

Наставниците, стручните соработници навремено ги идентификуваат учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици.

Во последните три учебни години учениците на општински натпревари освоиле 4 први места, 5 втори места и 12 трети места; на регионални натпревари 3 први места, 4 втори места и 5 трети места; на државни натпревари 5 втори места и 2 трети места; на меѓународни натпревари 2 трети места.

Училиштето го следи осипувањето на учениците ги анализира причините за осипување на учениците. Најголемиот број од нив се поради економски причини, по основ заминување во странство.Во последните три учебни години нема ученик кој го повторувал одделението.

Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава. Имаат изготвени и доставени годишни и тематски планирања кај стручната служба. Во планирањата се интегрирани еко содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието.

Наставниците изготвуваат дневни подготовки/сценарио за час и кај најголем број наставници подготовките ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот.

Дел од наставниците ја реализираат наставата применувајќи интерактивни наставни форми и методи и расположливи нагледни средства, помал дел се уште работат со класични методи и форми. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група или со целата паралелка. Дел од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, и поголем број наставници успеваат да создадат активна работна атмосфера иако бројот на ученици во паралелките е прилично мал . Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол, социјално потекло, етничка припадност

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е добро уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат целокупната работа на училиштето по подрачја и теми.

Учениците сметаат дека на поголем број од наставните часови се учи на интересен начин и можат да учествуваат во активностите за време на часот, но учениците прават разлика помеѓу одделни наставни предмети, односно пристапи на наставниците во изведувањето на наставата.

Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Поголем број од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.Оценувањето им помага на учениците да ги подобрат постигањата.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишано мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите се реализираат според планираното. Учениците се чувствуваат безбедни надвор од училиштето.

Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се применуваат механизми за постапување и справување со појавата на различни облици на насилство. Поголем број од вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето.

Училиштето води политика за заштита од зависности - пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанци. Секоја учебна година од страна на стручните соработници се организираат работилници за превенција и заштита од зависности на тема„Младите и пороците на XXI век“. Во училиштето нема организирана исхрана за учениците. Училиштето не обезбедува увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Пристапот во централното училиште е прилагоден за лица со физички хендикеп, изградена е пристапна рампа до училиштето.

Хигиената во училниците, ходниците санитарните јазли во централното училиште и подрачните училишта е добра. Ходниците, скалите, подот и мебелот се чистат најмалку еднаш во текот на денот. Пред почетокот на учебната година и пред почетокот на второто полугодие врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите простории во централното и подрачните училишта и во подрумските простории.

За учениците со емоционални проблеми води грижа стручната служба. За надминување на емоционалната состојба се организираат средби на учениците со психологот, се организираат индивидуални средби со родителите и наставниците.

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри. Раководниот орган и стручните соработници имаат важна улога во одржувањето на атмосферата во училиштето и соработката е на добро ниво со учениците, наставниците и родителите. Училиштето е инклузивно, безбедно во внатрешниот простор и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам, но не поттикнува доволно активности за учество на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.

Училиштето има Кодекс на однесување на наставниците, ученици, родителите и други вработени,во кој се регулирани правилата на однесување на истите, во кој се претставени инструментите за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес, развивање на здрави меѓучовечки односи и воспоставување на позитивна клима за работа.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на одморите, приемот и нивното заминување.

Училиштето и наставниот кадар им овозможуваат на учениците да учествуваат на натпревари на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето на свечената приредба на Патрониот празник на училиштето (15.05.) и преку Facebook - страната на училиштето. Училиштето прогласува и ученик на генерацијата, согласно критериумите утврдени во Правилникот за доделување на награди за ученици.

Родителите во работата на училиштето се вклучуваат преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор. Родителите недоволно се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема како и воннаставните акктивности, затоа учеството на родителитево активностите на училиштето ги презема е мало.

Училиштето соработува со локалната самоуправа - учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации организирани во рамките на општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Просторните услови задоволуваат и искористеноста на просторните капацитети е добра.

Воспитно-образовната дејност се реализира во централното деветгодишно училиште во Ново Село и подрачните училишта во селата: Сушица, Зубово, Самоилово, Ново Коњарево, Смолари, Дражево во кои наставата се изведува од прво до петто одделение кои во целост ги исполнуваат условите и потребните ресурси занепречено одвивање на воспитно-образовниот процес. Опременоста на училиштето со ИКТ опрема и нагледни средства е добра. Наставата по физичко и здравствено образовани се одвива на отворени спорски терени и во опремена спортска сала.

Училишната библиотека располага со 12767 книги од кои: 1940 се лектирни изданија за учениците од I до IX одделение; 39 енциклопедии; 81 книга со роднокрајни автори; книги од автори нобеловци – 203; белетристика 70; литература по наставни предмети : македонски јазик 83 книги , историја 32 книги , англиски јазик 310 , литература за деца 104 наслови; прирачници 32 броја ; списанија 100 броја и 1 лексикон.

Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Стручната служба им помага на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош.

Од непосредниот увид во документацијата, се констатира дека училиштето има финансиски план и план за јавни набавки за тековната година за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење.

Училишниот одбор и Советот на родители се конституирани согласно законската регулатива и се запознати со законските и подзаконските акти во основното образование. Соработката со раководниот орган е добра.

Училиштето има Статут бр. 02-83 /4 од 19.03.2021 година  и дополнување наСтатутот на училиштето бр. 02-83/3 од 19.03.2021 година за кој има добиена согласност од Министерство за образование и наука со Решение УП1 12-519 од 6.04.2021 година.

Орган на раководење во училиштето е директорот кој ги исполнува законските и статутарно поставените услови за директор на училиштето. Целите и задачите надиректорот се насочени кон организирање и реализацијата на воспитно-образовната работа, обезбедување на услови за работа во училиштето, повисоки постигања на учениците и добра училишна клима за работа.

Училиштето има изработено Самоевалуација, со (дел. бр. 10-23/1 од 26.01.2024за период од 2024-2026 година).

Целите на државната политика се имплементирани во Годишната програма за работа на училиштето бр. 02-284 од 14.08.2023 г.усвоена од советот на Општина Ново Село со Одлука бр. 08-2141/1 од 29.08.2023 година и Програмата за развој на училиштето со дел. бр. 02-38/3 од 14.02.2020 година. Образовната политика и во двата документи се креира по насоките дадени од страна на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.

Со финансискиот план од редовната сметка училиштето планира средства за оспособување и ставање во функција нагледни средства кои се нефункционални со што би го подобрил квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Општинското основно училиште „Мануш Турновски“- Ново Селосе наоѓа во центарот на населеното место Ново Село на ул.„Климент Охридски “бр.4, кое инфраструктурно е поврзано со асфалтирани локални патишта и низ кој поминува и магистрален пат кон Република Бугарија . Воспитно-образовната дејност се реализира во централното деветгодишно училиште во Ново Село и подрачните училишта во с. Сушица, Зубово, Смоларо, Дражево, Ново Коњарево, Самоилово во кои наставата се изведува од прво до петто одделение.

ООУ„ Мануш Турновски “- Ново Село е регистрирано како самостоен правен субјект од 3.12.1944 година од Министерство за просвета на НР Македонија како работна организација за основно образование и воспитание на учениците од прво до осмо одделение.Училиштето е запишано во Централен регистар на 31. 12. 1973 година.Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр.11-2552/1 од 5.06.1986 година година од Комитет за општествени дејности при собрание на Општина Струмица како централно осумгодишно училиште со подрачни училишта во селата: Сушица, Самоилово, Барбарево, Тиник, Бајково, Старо Коњарево, Ново Коњарево, Смоларе, Дражево и Зубово. Со Решение бр. 236/98 од 17.03.1998 година Централно основно училиште „Мануш Турновски“ Ново Село општина Струмица е преименувано во основно училиште „Мануш Турновски Ново Село, општина Ново Село.Од учебната 2007/2008 година во училиштето е воведено новото деветгодишно образование. Со Одлука од Влада на Република Македонијабр. 19-2326/1 од 22.06.2005 г. за пренесување на основачките права и обврски над постојните основни училишта на општините и пренесувањето на правото на сопственост на објекти, извршено е преименување на училиштето во Општинско основно училиште „Мануш Турновски“ Ново Село.

Во ООУ „Мануш Турновски“ Ново Село е организирана настава по основно музичко образование со Верификација од Министерство за образование и наука бр. 10-3810/33 од 5.07.1999 година.Наставата ја реализираат тројца наставници и тоа еден наставник по теорија и солфеж идвајца наставници по клавир и пијано.

Од тековна состојба на правното лице, издадена од Централен регистар-Струмица, субјектот е заведен како ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село со даночен број 4027945117982 и ЕМБС 4045785.

Во училиштето се работи според наставни програми и планови за основно образование за учебната 2023/24 година донесени од Биро за развој на образованието, а одобрени од Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија.

Наставата во ООУ „ Мануш Турновски“ Ново Село се реализира во сопствен објект изграден 1975 година од тврда градба и со вкупна површина од 4671 м2, дворна површина од 2000м2 и спортски терен од 2000 м2. Училиштето во Ново Село располага со 16 училници, 3 кабинети, 5 административни простории, библиотека, магацински простории, котлара, помошни просториии , просторија за технички персонал и нагледни средства, сала за одржување на настава по физичко и здравствено образование со помошна посторија за спортски реквизи и соблекувални,3 надворешни спортски терени, санитарни јазли,. Училниците се опремени добро со училишен инвентар. Затоплувањето на просториите во училиштето е со централно парно греење- нафта.

Училишната зграда во с. Сушица е изградена е во 1949 година со површина од 480 м2 и дворна површина од 600м2 и со отворен спортски терен – повеќенаменско игралиште.Училиштето во с.Сушица располага со 5 училници, помошна просторија, канцеларија за наставници, тоалети за ученици и вработени, просторија за котлара и отворен спортски терен и

хортикултурно уреден училишен двор. Училниците, канцеларијата и другите простории се опремени со потребен училишен инвентар. Затоплувањето на просториите во училиштето е со централно парно греење, на пелети.

Училишната зграда во с.Зубово е изградена во 1939 година со површина од 170м2 со вкупна дворна површина со отворен спортски терен од 880м2.Училиштето во Зубово располага со 3 училници, една канцеларија за наставници, тоалети за вработени и ученици, отворен спортски терен, ограден хортикултурно училишен двор со зелена површина и со детски реквизити. Затоплувањето на просториите во училиштето е со печки на дрва.

Училишнта зграда во с. Самоилово е изградена во 1986 година со површина од 200 м2 и дворна површина со отвотени спортски терени од 2000м2.Училиштето во Самоилово располага со 3 училници и 1 канцеларија, подрумска просторија , тоалети за вработени и наставници, пристапна рампа за деца со ПОП, спортско игралиште и големи зелени површини. Училиштето се загрева со печки на дрва.

Училиштето во с. Ново Коњарево е изградено во 1948 г. со површина од 260м2, двор700 м2 и спортска површина од 680м2. Располага со 3 училници и 1 просторoја за наставници, помошна просторија, отворен спортски терен и хортикултурно уреден двор. Тоалетите се во состав на училишната зграда и се пропшисно поделени за ученици и наставници. Затоплувањето е на печки на дрва.

Училиштето во с. Смолари е изградено во 1947 г. со површина од 430 м2 , дворна површина од 1000 м2 и спортска сала од 72 м2. Располага со 5 училници, 1 наставничка канцеларија спортска сала , помошна просторија и санитарни јазли во внатрешноста на училиштето.Затоплувањето на училиштето е на печки на дрва.

Училишето во с. Дражево е изградено во 1949 г. со површина од 180м32, дворна површина од 60м2 и отвотено спортско игралиште.Располага со 2 училници и 1 наставничка канцеларија , отворен спортски терен , целосно оградено. Санитарните јазли се во состав на училишната зграда. Училиштето се загрева на печки на дрва.

Сите подрачни училишта располагаат со добри просторни услови за реализација на воспитно-образовна работа.

Наставата во сите девет години од основното образование се реализира на македонски наставен јазик во две смени во централното училиште во Ново Село и една смена во подрачните училишта и истата ја реализираат вкупно 70 наставника.

Наставата во училиштето ја посетуваат 232 ученици, распоредени во 46 паралелки. Во централното училиште наставата ја следат 165 ученик распоредени во 29 паралелки, и во подрачните училишта: с. Сушица 14 ученика распределени во 5 пралелки; с..Зубово 14 ученици распределени во две комбинирани и една чиста паралелка; с. Смоларе 3 ученика во една комбинирана паралелка; с.Дражево 3 ученика во 1 комбинирана паралелка; с. Ново Коњарево 22 ученика распределени во 2 комбинирани паралелки и 1 чиста паралелка; с.Самоилово 11 ученици распределени во две комбинирани паралелки.

Во стручната служба се вработени: педагог психолог, и библиотекар со полно работно време.Училиштето има согласност од Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија со бр. 12/6-520/1 од 23.01.2018 г. за измена Правилникот за систематизација на работните места заведено со арх.бр. 01-119/1 од 5.04.2015 година.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

Во ООУ „Мануш Турновски“- Ново Село, наставата се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставата во прво, второ,трето, четврто, петто и шесто одделение се реализира согласно концепцијата за основно образование за учебната 2023/2024 година. За реализација на наставните програми за учениците се обезбедуваат бесплатни учебници изготвени од Биро за развој на образованието, а одобрени од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Обновувањето и доставувањето на потребниот број на учебници кои треба да бидат во добра состојба, не се постигнува целосно, односно Министерството испорачува дел од учебниците кои се во дотраена состојба.

Во училиштето се реализираат наставни планови и програми за основно музичко образование по теорија и солфеж за ученици од прво до деветто одделение и наставни планови и програми по пијано и клавир за учениците од второ до деветто одделение. Наставните планови

и програми за основно музичко образование кои се реализираат во ООУ„Мануш Турновски“ Ново Село се донесени од страна Министерот за образование и наука на Република Северна Македонија.

Во училиштето се реализира програмата Образование за животни вештини, со вкупен годишен фонд од 36 часа. На часовите на одделенската заедница, од страна на одделенските раководители се спроведуваат активности, предавања и работилници, согласно Прирачникот и дел од наставниците водат уредна документација за реализација на содржините.

За реализација на наставата во прво, второ, трето, четврто, пето и шесто одделение согласно Новата концепција за основно образование, училиштето има обезбедено смарт таблети за користење на дигиталните учебници, компјутер со проектор во секоја училница во централното и во подрачните училишта како и таблети за учениците.

Наставната програма по физичко и здравствено образование во централното училиште се изведува во добро опремена училишна спортска сала и на три отворени спортски терени изградени по стандарди од кои еден спортски терен е повеќенаменско игралиште за кошарка, ракомет, одбојка и фудбал. Во подрачните училиште во с.Зубово, с.Сушица, с.Смолари, с. Ново Коњарево, с. Дражево и с.Самоилово наставната програма по физичко и здравствено образование се одвива на отворени повеќенаменски мулти - функционални игралишта, а додека во зимскиот период реализацијата на наставата по ФЗО се одвива во училниците.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства (брошура, facebook страница) да ги информира учениците и родителите како и сите други што бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат, вклучувајќи ги и целите што се однесуваат на меѓуетничка интеграција.

Во училиштето има двајца категоризирани ученици со пречки во развојот каласифицирани според Меѓународната класификација на функционирање донесена од Светската здравствена организација, додека од страна на наставниците и стручната служба идентификувани се двајца ученика со потешкотии во учењето вклучени во воспитно-образовниот процес и за истите ученици не е формиран инклузивен тим, бидејќи училиштето нема согласност од родителите на учениците. На ниво на училиште е формиран Училишен инклузивен архивиран со бр. 02-334/6 од 10.03.2022 година. Училишниот инклузивен тим има изготвено Програма за работа и преку планирани активности ја реализира програмата соработувајќи со наставниот кадар, учениците, родителите, НВО, локалната средина. Индивидуалните образовни планови се изработуват од инклузивните тимови формирани за секој ученик посебно за поголем број наставни програми.Во учебната 2023/2024 година во соработка со ОУЦР „Свети Климент Охридски“- Ново Село во училиштето ангажиран е образовен асистент за ученик со посебни образовни потреби.

Постапката за изборни предмети се спроведува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Училиштето нуди повеќе од три (3) изборни предмети, според наставниот план. Во училиштето има воспоставена процедура за избор од понудени дванаесет предмети во четири подрачја во IV и V одделение, додека во VI одделение се понудени дванаесет наставни предмети од четири подрачја, од VII до IX одделение се понудени три наставни предмети со потенцирање дека изборните предмети од претходната година не треба да се повторуваат. Родителите директно се вклучени во изборот на понудените изборни предмети за учениците.На родителските средби се врши анкетирање на учениците заедно со родителите. Изборот на предмети е според наставниот план и програма и новото Упатство - Водич за слободни изборни предмети. Стручната служба со директорот изготвува извештај со изборни предмети кои ќе се изучуваат во текот на учебната година.

Училиштето не реализира проширена програма и училиштето нема податок дали родителите имаат потреба училиштето да организира проширена програма за учениците кои имаат потреба од истата.

### 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Во училиштето се негува родовата рамноправност и мултикултурната сензитивност при реализацијата на наставните планови и програми. Стручната служба во училиштето нема направено посебни истражувања за тоа колку родителите се задоволни од наставните планови и програми.

Во реализацијата на наставните планови и програми како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието постојат мал број примери на соодветно интегрирање и прилагодување на особеностите на локалната средина. Наставниците ја поврзуваат локалната средина со одредени наставни содржини, најчесто при одбележување на локални манифестации, општински празници, учество на трибини, предавања, конкурси и натпревари.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат. Училиштето нема партнер училиште и нема формирано МИО тим кој ќе доставува извештај од спроведени заеднички активности со партнер училиштето. Училиштето во рамки на наставните програми реализира самостојни МИМО содржини.

Училиштето има интегрирано еколошки содржини од еколошката програма во планирањата по наставни предмети, согласно програмата и планот на активности. Поголем број од наставниците ги интегрираат овие содржини во своите тематски планирања.

Квалитетот на планирањата на наставниците не се следи систематски од страна стручната служба. Стручната служба има изготвено евидентни листи со инструменти за исполнетост на дидактички барања за планирањата. Училиштето разгледува мислења за наставните планови и програми преку формалните органи. Училиштето нема покренато иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми, врз основа на барања од родители, наставници или врз основа на согледаните потреби на локалната средина до Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

### 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира, и дел реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за поддршка на личен, професионален и социјален развој на учениците.

Покрај воннаставните активности кои се дел од државните образовни политики и се спроведуваат во сите училишта во државата, во училиштето редовно се реализираат и активности, хуманитарни акции за ученици од училиштето, при одбележување на меѓународни денови, на празници и други општински манифестации .

Дел од ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и постои родова, етничка и социјална рамноправност. Училиштето во рамките на своите можности обезбедува услови за вклучување на ученици од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности. Во минатата година учениците учествувале на: поетски читања, посета на градска библиотека, посета на градски музеј и општинска галерија, учествувале на локални манифестации, Новогодишна културно-забавна училишна програма, прослава на Патронен празник, Новогодишен базар, Велигденски базар.

Во училиштето се реализираат во мал број слободни ученички активности со предходно изготвени програми за работа на секциите. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствени афинитети. За секоја воннаставна активност определени се одговорни наставници. Учениците членуваат во следните секции: спортска секција, ликовна секција, хор и оркестар, литературна секција, рецитаторско-драмската секција, математичка секција, секција по биологија и хемија.

Училиштето има планирано ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование, но истите во учебната 2021/2022 година не се реализирани од причина на пандемијата Covid 19, додека во учебната 2022/2023 реализирани се предвидените екскурзии согласно Годишната програма за екскурзии на училиштето. Со Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/204 година се планира да се реализираат еднодневна, дводневна и тридневна екскурзија и за истите училиштето има добиено позитивно мислење од Совет на општина Ново Село и Биро за развој на образованието. Планираната тридневната екскурзија за учениците од деветто одделение и дводневната екскурзија за учениците од шесто одделение за учебната 2023/2024 се реализирани.

Ученичката заедница на ниво на училиште во рамки на својата програма планира и реализира одреден број активности со општествено-корисен карактер, рекреација, грижа за здравјето на учениците, подобрување на успехот и дисциплината на учениците, а поддршка добива од стручната служба во училиштето околу организирање и спроведување на активностите.

Учениците со помош и поддршка на училиштето и наставниците учествуваат на натпревари што се организираат на локално, регионално и државно ниво. Училиштето за афирмирање на вонннаставните активности ги користи расположливите интернет ресурси, локални медиуми и facebook-страна на училиштето.

Училиштето има формирано УСК „Мануш Турновски“-Ново Село со бр.30820150000498 од 23.02.2015г. и училиштето со учениците реализира разни спортски натпревари по кошарка, фудбал, атлетика но истиот не е вклучен восистемите на натпревари кои ги организира федерацијата на училишни спортови на Република Македонија.

# 2.ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат извештаи за сите квалификациони периоди во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според наставни предмети, паралелки и пол. Од извештаите и анализите може да се констатира дека средниот успех на учениците во последните три учебни години изнесува: за учебната 2020/2020 година среден успех на учениците изнесува 4.27; за учебната 2021/2022 година средниот успех изнесува 4.18 и за учебната 2022/2023 година средниот успех е 4.28.

Учениците се оценети и по поведение. Во трите последни учебни години само два ученика биле со намалено поведение.

Училиштето планира и превзема активности за подобрување на постигањата на учениците. Стручната служба врши анализа и превзема конкретни активности поврзани со советување на учениците и родителите за подобрување на постигањата на учениците.

Училиштето има пропишани приоди за идентификување на надарените ученици и учениците кои имаат тешкотии во учењето. Поддршката на учениците што имаат тешкотии во учењето како и на надарените ученици се прави во соработка помеѓу стручната служба и наставниците.

Поддршката на учениците што имаат тешкотии во учењето како и на надарените ученици се прави со соработка помеѓу стручната служба и наставниците. Наставниците, стручните соработници навремено ги идентификуваат учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици.Дополнителна и додатна настава во училиштето се реализира според месечни распореди кои редовно се истакнуваат на огласна табла во училиштето. Дел од наставниците во училиштето ги реализираат часовите од дополнителна и додатна настава.

Во последните три учебни години учениците на општински натпревари освоиле 4 први места, 5 втори места и 12 трети места; на регионални натпревари 3 први места, 4 втори места и 5 трети места; на државни натпревари 5втори места и 2 трети места; на меѓународни натпревари 2 трети места. Позитивната, емоцоионална, социјална и искрена атмосфера придонесуваат за добри постигања на учениците, промовирајќи еднакви можности за сите.

Училиштето има пропишана политика и го следи преминот на учениците од петто во шесто одделение, како и за учениците во прва година средно образование

Училиштето организира воннаставни активности. Поголем број на ученици се вклучени барем во една вонаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и постои етничка, родова и социјална рамноправност.

## 2.2. Задржување, осипување на учениците

Училиштето опфаќа училишните обврзници од населеното место Ново Село,с.Сушица, с.Зубов , с.Ново Коњарево,с.Самоилово, с.Смолари и с.Дражево .

Училиштето има податоци и обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Училиштето секоја година од службите во локалната самоуправа ги добива податоците за учениците од својот реон кои треба да се запишат во прво одделение.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и превзема конкретни активности за подобрување на состојбата со редовноста. Во учебната 2020/2021 година просечниот број на изостаноци изнесува 4.98 по ученик од кои 4,7 оправдани и 0.28 неоправдани по ученик. Во учебната 2021/2022 година просечниот број на изостаноци изнесува 9,24 по ученик од кои учениците имаат 9 оправдани и 0,24 неоправдани по ученик. Во учебната 2022/2023 година просечниот број на изостаноци изнесува 15,63 по ученик од кои 15 оправдани и 0,63 неоправдани по ученик.

Училиштето прави конкретни анализи по категории на што се однесуваат овие изостаноци и презема ефикасни мерки за надминување на оваа состојба. Советувањата на родителите и учениците ги реализира стручната служба-психологот за што води уредна документација . Во Во учебната 2021/2022 остварени се 4 советување на родители по основ на намален успех на учениците- три и повеќе слаби оценки и во 2022/2023 година реализирани се 2 советувања на родители по основ на намален успех кај учениците.

Училиштето го следи осипувањето на учениците ги анализира причините за осипување на учениците. Најголемиот број од нив се поради економски причини, по основ заминување во странство.

Училиштето во целост ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго

### 2.3 Повторување на учениците

Во училиштето се детектираат причините и навремено се превземаат мерки за подобрување на состојбата/успехот кај учениците. Во изминатите три години нема ученици кои ја повторувале годината.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со првото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценки на крајот од учебната година, како и при задржување во истото одделение/ повторување на учебната .

## 3.УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1 Планирање на наставниците

Во училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Училиштето обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во

планирањата на наставниците. Училиштето остварува соработка соООУРЦ „Св.Климент Охридски“- Ново Село за обезбедување на поддршка во наставата преку образовни асистенти на учениците со ПОП, а инклузивниот тим обезбедува поддршка при изработка на индивидуални образовни планови за учениците со ПОП.Во училиштето има категоризирано двајца ученици со посебни образовни потреби, а двајца ученици се со потешкотии во учењето идентификувани од страна на наставниците и педагошко – психолошката служба и истите немаат категоризација од соодветна релевантна здравствена институција.Најмногу еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците.

Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава. Имаат изготвени и доставени годишни и тематски планирања кај стручната служба. Планирањето на редовната настава е добра и во основното музичко образование каде наставата ја реализираат тројца наставници од кои : еден наставник по теорија и солфеж и двајца наставници по клавир и пијано.Кај поголем број наставници планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. Наставниците имаат изготвено планови за реализација на Програмата образование за животни вештини на одделенските часови. Во планирањата се интегрирани еко содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и на ниво на стручни активи се изготвуваат неделни планирање кои опфаќаат сценарија по наставни содржини од наставните предмети за концепцијта од I до VI одделени.

Наставниците изготвуваат дневни подготовки за час и кај поголем број наставници подготовките ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, а по новата концепција за основно образование наставниците изготвуваат сценарија за час. На ниво на стручни активи изготвуваат инструменти за следења на постигнувањата на учениците по ниво и по теми. Не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето. За поефикасно планирање и реализирање на наставните часови, училиштето дава стручна поддршка преку индивидуален пристап со наставници, на стручни активи и на наставнички совет.

Наставниците планираат и разменуваат идеи и искуства на ниво на стручни активи и со колеги од други училишта од општината.

Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план. За основно деветгодишно образование и основно музичко образование. Училиштето навремено изработува распоред за редовна настава како и за додатна и дополнителна настава и слободни активности. Распоредот за наставата од I до IX е јавно истакнат и објавен во училиштето. Распоредите за додатна, дополнителна настава како и за слободните активности е истакнат во училиштето.

### 3.2 Наставен процес

Дел од наставниците ја реализираат наставата применувајќи интерактивни наставни форми и методи и расположливи нагледни средства, помал дел сеуште работат со класични методи и форми. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група или со целата паралелка.

Дел од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. На располагање на наставниците се 10 интерактивни табли, 13 лаптоп компјутери, 72 статични компјутери распоредени во 19 училници, 22 ЛЦД проектори, 11 принтери распоредени во во централното училиште и подрачните училишта, 22 телевизори поврзани со компјутери, 20 таблети за учениците кои следат насатава по новата концепција за основно образование и интернет се со цел да може да се модернизира наставата со примена на современи методи и техники.

Изборот на задачи и активности за време на часот кај поголем број од наставниците е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголем број од наставниците користат одобрени учебници, дополнителна литература, податоци од интернет и расположливи ресурси.

Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, и поголем број наставници успеваат да создадат активна работна атмосфера иако бројот на ученици во паралелките е прилично мал .

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол, социјално потекло, етничка припадност.

Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на директорот и стручната служба. Најмалку еднаш во полугодие се врши посета на часови кај секој наставник. По посетата на час се разговара со наставниците и забелешките се користат за подобрување на наставниот процес.

### 3.3Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е добро уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваатцелокупната работа на училиштето по подрачја и теми. Во училниците од одделенска настава и преметна настава тематски се изложени изработки од ученички трудови

Учениците сметаат дека на поголем број од наставните часови се учи на интересен начин и можат да учествуваат во активностите за време на часот, но учениците прават разлика помеѓу одделни наставни предмети, односно пристапи на наставниците во изведувањето на наставата.

За време на часот поголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и изведуваат заклучоци за она што го учат и поголемиот дел од учениците учествуваат во активностите за време на часот.

Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење се зема во предвид при решавањето на проблеми и одлучувањето.

Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Училиштето посветува внимание на образовните потреби на учениците и превзема активности за подобрување на успехот на учениците. Со цел задоволување на образовните потреби на учениците делумно се организира додатна настава за учениците кои покажуваат посебен интерес кон одреден наставен предмет и тоа само пред натпревар, за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на одреден предмет се организира дополнителна настава од страна на мал број наставници. Образовните потреби на учениците се идентификуваат преку пријава за упис во училиштето и спроведената анкета за избор на подрачје и изборни предмети, Има пишана процедура за идентификување и работа со ученици со посебни образовни потреби, двајца ученици се ученици со посебни образовни потреби.

Во училиштето во соработка со родители, ученици, наставници се реализираат работилници, културно забавни манифестации, хепенинзи, академија, и учениците земаат учество во сите општински манифестации организирани од страна на Општина Ново Село и во Општина Струмица.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува пропишаните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето.

Поголем број од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Оценувањето им помага на учениците да ги подобрат постигањата.

Наставниците при оценувањето најчесто користат писмени работи, контролни тестови, практични вежби, наставни ливчиња како и усно испрашување. Поголем број од наставниците водат интерна евиденција за присутноста, активноста на часовите, прават збирка на ученички изработки (тестови, наставни листови, проекти). Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.Дел од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата. Наставниците доволно ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

Оценувањето на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година. Сите ученици се оценуваат најмалку со две оценки на полугодие, а родителите се известуваат за успехот на ученицитепреку евидентните листови на тримесечје, полугодие и свидетелства на крајот на учебната година.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката. За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови). Сите наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, до кој пристап имаат и родителите. Во електонскиот дневниг се внесуваат сите оцени на учениците (тромесечие, полугодишна, второ тромесечие и годишна оцена). За учениците кои се описно оценети се внесени описните оцени. За сите податоци за оценувањето на ученикот во е-дневникот увид има секој родител преку меил или со добивање на смс пораки. На состанокот со активите наставниците ја истакнаа потребата од физички дневник поради практичноста.

Училиштето организира јавни часови за да се информираат родителите за напредокот на учениците од основно музичко образование. Јавните часови се организираат на крајот на прво полугодие и на крајот на учебната година.  Учениците на крајот на учебната година добиваат и свидетелство за завршено одделение од основно музичо училиште.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишано мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите се реализираат според планираното. Учениците се чувствуваат безбедни надвор од училиштето. Покрај училиштето поминува локален пат без соодветна сигнализација на кој нема прометен сообраќај и истиот не претставува потенцијална опасност за учениците.

Наставата во централното и подрачното училиште се изведува во пространи и осветлени училници соодветни на училишните стандарди. Инфраструктурата е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреда на учениците. Инфраструктурата во училиштрето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, струјните места) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреда на учениците.Училишниот двор е ограден и хортикултурно уреден , простор безбеден за движење на учениците како и обележан паркинг простор. Во централното училиште нема обучени наставника за давање прва помош на учениците и вработените при несреќни случаи.

Училиштето има План за заштита и спасување од елементарни непогоди и други несреќи бр. 3-616/5 од 4.12.2009 г. и има мислење од Дирекција за заштита и спасување. Последна вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на елементарна непогода во централното училиште е спроведена на 26.12.2023 година. Во училиштето на видно место е поставена Шема за евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди и означен е правецот на движење на учениците и вработените.

Во централното училиште се поставени девет противпожарни апарати, а од подрачните училишта поставени се:два противпожарни апарати во с. Сушица; и по еден противпожарен апарат во с. Зубово и Самоилово, Ново Коњарево, Смолари и Дражево кои редовно се сервисираат. Последо сервисирање е извршено на 27.09.2023 година Училиштето располага и со вкупно шест хидранти поставени во центалното училиште, додека хидранти во подрачните училишта нема.

Училиштето „Мануш Турновски“ Ново Село е обезбедено со петнаесет камери за видео надзор (внатрешен и надворешен видео надзор), а од подрачните училишта видео назор има само во ПУ с. Сушица- четири камери. За време на одморите се организираат дежурства по ходниците од страна на наставниците по утврден распоред.

Училишните згради се осигурани преку осигурителната компанија АД „Сава осигурување“- Скопје, вработените се осигурани преку осигурителната компанија АД „Еуро Линк Осигурување “ , а учениците се осигурани преку осигурителна компанија АД „ Кроација осигурување“ .

Училиштето има донесено пишани документи – Куќен ред и Кодекси за однесувањето на наставниците, стручните соработници и учениците. Документите се достапни за сите и постои пишана процедура за постапување во случај на кршење на правилата.

Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се применуваат механизми за постапување и справување со појавата на различни облици на насилство. Поголем број од вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Стручните соработници, одделенските раководители и родителите се во постојана комуникација и соработка, делуваат превентивно при секој обид за насилно однесување од страна на ученици. Училиштето нема донесено Програма за превенција и намалување на насилство во училиштето. Од страна на стручните соработници со учениците се организираат превентивни работилници на теми: „Справување со насилничко однесување“ и „Разрешување конфликти“„Сложувалка“, „Ментално здравје“.Стручните соработници немаат изработено прашалник за ученици и анкета со учениците за да ги испитаат мислењата во однос на присуството на насилството во училиштето. Во училиштето досега не се евидентирани посериозни форми на насилно однесување помеѓу учениците и вработените. На учениците им се изрекуваат педагошки мерки, согласно Правилникот за изрекување на педагошки мерки и Законот за основно образование. Учениците, родителите и наставниците сметаат дека училиштето е безбедна средина за учење и работа.

Училиштето води политика за заштита од зависности - пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанци. Секоја учебна година од страна на стручните соработници се организираат работилници за превенција и заштита од зависности на тема„Младите и пороците на XXI век“. Теми за заштита од зависности се обработуваат на одделенскиот час преку програмата Образование за животни вештини. Во соработка со Секторот за превенција при МВР Струмица во училиштето се реализираат едукативни предавања за заштита од болестите на зависност-никотин, дрога и алкохол. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење, внесување и консумирање алкохол и наркотични средства.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците. Учениците со храна се снабдуваат од дома и од околните продавници. Училиштето не обезбедува увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците.

Во училиштето има еден ученик со телесни пречки во развојот. Пристапот во централното училиште е прилагоден за лица со физички хендикеп, изградена е пристапна рампа но не и соодветни санитарни јазли за деца со физичка попореченост.

Учениците со потешкотии во развојот се идентификуваат уште при запишување во прво одделение.Училиштето има инклузивен тим како и Програма за работа на инклузивниот тим.Училиштето овозможува соработка со Ресурсниот центар ОУРЦ „Св.Климент Охридски“ Ново Село во обезбедување на образовни асистенти за учениците со попреченост и има развиени механизми за поттикнување на учениците во давање помош и грижа за учениците со физички хендикеп. Учениците со потешкотии во развојот се следат од страна на стручните соработници и наставниците и ним им се дава целосна поддршка во процесот на учење.

Заучениците кои доаѓаат во централното училиште од с.Сушица,с.Зубово,с.Самоилово,с.Смолари,с.Дражево,с.Ново Коњаревоучилиштето организира бесплатен превоз од домот до училиштето и обратно. Учениците и родителите се задоволни од начинот на кој е организиран транспортот.

Училиштето има договорена процедура за евидентирање на ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонаставни активности што бараат вложување на дополнителни средства. Се организираат собирни акции за обезбедување храна и облека од

страна на наставници, од ученици а училиштето остварува и редовна соработка со Црвениот крст од Струмица.

## 4.2. Здравје

Хигиената во училниците, ходниците санитарните јазли воцентралното училиште и подрачните училишта е добра. Ходниците, скалите, подот и мебелот се чистат најмалку еднаш во текот на денот. Дворот во централното училиште хортикултурно се уредува со поставување на нови бекатон плочки, се оградува задниот дел од училиштето, додека во дел од подрачните училишта не се целосно хортикултурно уредени, се чисти предниот дел од училишниот двор од секаков вид отпадоци и дел од земјените површини не се позеленети. Во дворот на училиштето, во секоја училница има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. На одделенскиот час преку програмата Образование за животни вештини се обработуваат теми за влијанието на чистата животна средина врз здравјето на човекот.

Училиштето пред почетокот на учебната година и пред почетокот на второто полугодие врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) на сите простории во централното и подрачните училишта. Во учебната 2023/2024 година дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена на23.08.2023 и на 26.01.2024 година.

Училиштето ги спроведува активностите кои се во насока на здравствена заштита на учениците, првенствено преку редовни систематски прегледи и вакцинации, а за вработените санитарен и лекарски прегледи.Во случаи на појава на грип и други заразни болести, училиштето редовно соработува со надлежните институции и ги следи насоките дадени од нив.

Во училиштето се вршат редовни предавања за здрав развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност и други содржини.

Во рамките на училиштето, во соработка со Црвениот крст- Струмица, Сектор за превенција при МВР и стручната служба биле организирани предавања, работилници на тема: „Болести на зависности- никотин, дрога, алкохол , едукативно предавање по повод Светскиот ден на водата; предавање на тема: „Превенција и заштита од грип" и „Унапредување на менталното здравје".

Училиштето за учениците кои заради хронично заболување или други оправдани причини подолго време отсуствуваат од настава постапува согласно одредбите од Законот за основно образование и има договорена процедура за соработка со родители и локална заедница во таков случај.

За учениците со емоционални проблеми води грижа стручната служба. За надминување на емоционалната состојба се организираат средби на учениците со психологот, се организираат индивидуални средби со родителите и наставниците, а по потреба и центрите за социјална работа, полицијата итн.

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето организира активности на учениците при изборот на занимањето и професијата за нивно понатамошно образование. Училиштето навремено обезбедува точни и јасни информации за можностите за понатамошно образование.Училиштето, овозможува средните училишта да вршат презентација и користи промотивни материјали од образовните институции. На секој ученик му се дава препорака за неговото понатамошно образование.

Со учениците од IX одделение се спроведува анкети за утврдување на професионалните интереси и способности на учениците.

Училиштето редовно ги информира учениците за термините и условите за запишување во средно образование.Училиштето во соработка со средните училишта од општината и од други општини организира посета со учениците од завршното одделение на средните училишта каде се презентираат можностите за понатамошно образование, можностите за вработување по завршување на образованието и породолжување на идното образование.

### 4.4. Следење на напредокот

Во училиштето се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Постои соработка меѓу раководниот кадар, наставниците, родителите и стручната служба за постигањата на учениците.

Училиштето изготвува прегледи, анализи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на тримесечја, полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.

Редовно се анализира успехот на паралелката, а статистичките податоци се внесуваат во годишните и полугодишните извештаи за работата на училиштето. За годишните и полугодишните извештаи за работата на училиштето се информираат: Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбори Училишниот парламент.

За постигањата и редовноста на учениците родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

Родителите со постигањата и напредокот на учениците имаат можност да ги следат и преку е-дневник.

# 5.УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри. Одреден број од наставниците уживаат респект кај учениците и родителите и придонесуваат за афирмација на училиштето. Раководниот орган и стручните соработници имаат важна улога во одржувањето на атмосферата во училиштето и соработката е на добро ниво со учениците, наставниците и родителите. Училиштето е инклузивно, безбедно во внатрешниот простор и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам, но не поттикнува доволно активности за учество на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.

Училиштето има Кодекс на однесување на наставниците, ученици, родителите и други вработени,во кој се регулирани правилата на однесување на истите, во кој се претставени инструментите за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес, развивање на здрави меѓучовечки односи и воспоставување на позитивна клима за работа. Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето. Од посетата на часовите како и од разговорите со учениците се гледа дека постои работна атмосфера кај мал број наставнициза време на наставата и воннаставните активности. Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето на учениците им се изрекуваат педагошки мерки утврдени во Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците и Законот за основно образование. Во училиштето е донесен Куќен ред, со бр.02-27/3 од 17.01.2019 година и истиот се поставен на видно место во училиштето.Училиштето нема Правилник за надомест на штета врз компјутерска опрема, но досега нема евидентирано направена штета врз компјутерската опрема од страна на учениците.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Во претходните три учебни години изречени се вкупно 12 педагошки мерки на учениците од централното училиште. Раководниот и воспитно-образовниот кадар постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на наставата, при приемот заминување на учениците од училиштето Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на одморите, приемот и нивното заминување. Дежурствата на наставниците по ходниците за време на одморите се спроведува. Во училиштето има формирано Ученички парламент, во кој членовите се избрани на демократски начин. Ученичкиот парламент има сопствена програма за работа и повремено одржува состаноци. Учениците навремено и целосно не се информирани од Ученичкиот парламент за сите активности кои се од нивен непосреден интерес и повременоучествуват во решавањето на проблемите и донесувањето на активностите коишто се планираат во рамките на училиштето.За реализацијата на содржините од програмата за работа, учениците делумно добиваат поддршка од своите одделенски раководители, стручната служба и директорот на училиштето. Учествуваат во не голем број еколошки акции организирани од страна на училиштето, хуманитарни настани и акции, активности за патрониот празник на училиштето како и во дбележување на значајни датуми и настани и други активности.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето и наставниот кадар делумно водат политика на поттикнување и поддршка на учениците да учествуваат на натпревари на општинско, регионално и државно ниво.

Училиштето превзема мал број на разновидни активности за промовирање на личните постигања на учениците во рамките на училиштето и во локалната средина. Учениците имаат

можности да ги изразат своите креативни способности во наставата и преку учество во секции и вonнаставни активности кои се реализираат во мал број и учество на патронатот на училиштето.Средината за учење недоволно е мотивирачка за учениците да си постават повисоки цели и нивните очекувања се скромни.

Изготвен е Правилник за избор на првенец на генерацијата и училиштето секоја година спроведува постапка за избор на првенец на генерацијата во ООУ„Мануш Турновски“ –Ново Селои истите добиваат пофалници и награди кои се симболични и во рамките на своите финансиски можности од страна на училилиштето и општината.Учениците кои имаат освоено награди, училиштето ги пофалува јавно, доделува дипломи, благодарници и ги наградува со книги, енциклопедии. Училиштето нема изградено систем на поттикнување на наставниот кадар кои учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво како и нема Правилник за пофалби и награди на вработените. Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето на свечената приредба на Патрониот празник на училиштето (15.05.) и преку Facebook - страната на училиштето.Лични изработки и творби на учениците се истакнуваат во училниците каде учат учениците и во ходниците на училиштето.Резултатите од постигањата на учениците се евидентираат во полугодишниот и годишниот извештај.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата.Учениците со детските права се запознаваат уште од најмала возраст преку дел од наставните содржини на часот на одделенската заедница од програмата на Образование за животни вештини и преку предавања кои се реализираат во училиштето со што се поттикнува учениците да ги практикуваат своите права. Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на пол, етничка припадност, социјално потекло и способностите. Најголем број ученици не знаат како да препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со комуникација, толеранција, предрасуди, дискриминација.Сите вработени во училиштето правично се однесуваат со сите ученици. Во училиштето сите ученици се од македонска националност. Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но и да ги почитуваат и културата, верата и традицијата на другите етнички заедници. Училиштето нема партнер училиште за спроведување на заеднички МИО активности, но учениците преку интегрирање на целите на МИО во наставата и вонаставните активности, како и преку предавања и работилници учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција, но и културата и традицијата на другите етнички заедницикои живеат во нашата земја без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Родителите во работата на училиштето се вклучуваат преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор.Комуникацијата со родителите најчесто се воспоставува за време на Совет на родители, родителски средби, при индивидуални средби, советување на родители. Училиштето недоволно користи ефективни методи за да им овозможува на родителите да се вклучат во работата на училиштето при организирање на работилници, прослави, хуманитарни акци и други бројни активности. Родителите недоволно се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема како и вонаставните акктивности, затоа учеството на родителите е мало во активностите што училиштето ги презема за нивно вклучување. Задолжително се одржуваат по две родителски средби во прво полугодие и три родителски средби во второ полугодие.Родителите се запознаени

со Програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учесниците на родителската средба која се организирана на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родители и делумно се запознаени со активностите на училиштето.Родителите ги избираат своите претставници во Советот на родители и во Училишниот одбор преку домократски процедури пропишани во Статутот на училиштето и Деловникот за работа на Советот на родители. Советот на родители во рамките на своите законски обврски ги разгледува годишната програма, годишниот извештај, самоевалуацијата, развојниот план и понудите за изведување на ученички екскурзии. Училиштето соработува со локалната самоуправа - учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации организирани во рамките на општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето. Редовно секоја година во општинската зграда во Ново Село учениците од петто одделение се запознаваат со работата на градоначалникот и општинската администрација. Училиштето заедно со другите две основни училишта од општина Ново Село секоја година активно учествува во одбележување на Детската недела со организирање на пригодна програма во соработка со локалната самоуправа. Училиштето соработува со училиштата од соседните општини преку организирање на заеднички активности, меѓуопштински и спортски натпревари и други активности кои се од значаен интерес за промовирање на меѓуетничката интеграција и инклузивност во пошироката средина. Училиштето има соработка со институциите на локалната заедница за реализација на одредени активности. Соработува со „Здравствен дом“- Струмица од чија страна се организираат систематски прегледи и вакцинација на учениците; „ПЗУ д-р Чавкова“ при организирање на стоматолошки прегледи на учениците; „ Црвен крст“-Струмица при давање на помош на лица и семејства од социјален ризик; МВР Струмица при реализација и заеднички активности и работилници на теми: „Заштита од злоупотреба на пиротехнички средства“ и „Болести на зависност“; Дом на култура „Балгој Мучето“ Струмица, и градската библиотека во Струмица. Училиштето нема голема можност за соработка со деловната заедница во општина Ново Село.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Основното училиште „Мануш Турновски“- Ново Село се наоѓа во центарот на населеното место Ново Село кое инфраструктурно е поврзано со асфалтирани локални патишта. Воспитно-образовната дејност се реализира во централното деветгодишно училиште во Ново Село и подрачните училишта во селата: Сушица, Зубово, Самоилово, Ново Коњарево, Смолари, Дражево во кои наставата се изведува од прво до петто одделение.

Училишниот простор ги исполнува условите за работа за учениците, наставниците и другите вработени.

Условите за работа и просторните услови по училишта е следен: матичното училиште во Ново Село според местоположбата обезбедува прифаќање на учениците од самото населено место од прво до деветто одделение и од шетсто до деветто одделение од подрачните училишта и во него учат 232 ученици во две смени кои националниот состав сите 232 ученици се македонци .Училишната зграда во Ново Село е изградена во 1975 година со површина од 4671 м2. Училиштето располага со 16 училници, 3 кабинети, 5 канцелариски простории,административни простории, 1 библиотека, простории за техничкиот персонал и 4 други помошни простории.

Во текот на последните три учебни година во училиштето инвестирало во: изградба на игралиште за кошарка во централното училиште, поставување подлога на две повеќенаменски игралишта, едно во централното училиште во Ново Село и едно во ПУ во с. Сушица; асфалтирање на игралиште во ПУ с.Смолари; изградба на ново повеќенаменско игралиште со вештачка трева во централното училиште во Ново Село; реконструкција на помошен објект (некогашната трепезарија) во повеќенаменски објект; обнова на мебел на канцеларијата во ПУ с.Зубово; промена на прозорци во централното училиште во Ново Село; промена на оштетен под во повеќе простории во централното училиште во Ново Село, а започнато е и обновување на дворот во в централното учичиште со поставување бекатон плочки и промена на врати на училници во центалното училиште во Ново Село. Училиштето се наоѓа во добра состојба, редовно се инвестира и одржува инфраструктурата на училишниот објект. Во училиштето има пристапни рампи за инвалидизирани лица.

Училишниот двор е ограден сотри влеза и површина од 2000 м2. Во состав на училиштето има три спортски терени: терен за кошарка, тререн за мал фудбал и спортски терен- повеќенаменско игралиште за кошарка, фудбал, ракомет и одбојка. Наставата по физичко образование се реализира во модерно опремена спортската сала со површина од 330 м2 и на спортските терени во училиштето. Пред влезот во училишната зграда, дворот е хортикултурно уреден со делумно зелени површини.

Хигиената во училиштето и училишниот двор е добра. Санитарните јазли се целосно реновирани и се во доволен број според бројот на ученици, прописно се поделени на машки и женски и хигиената во нив е добра.

Затоплувањето на училиштето е со котел- парно греење со користење на течно гориво нафта.

ПУ во Сушица е сместено на централниот дел од селото во зграда од 480 м2, изградена во 1949 година, а во 2004 година е комлетно реновирана и ги задоволува просторните услови за изведување на настава. Според просторните услови, училиштето во с.Сушица располага со пет училници, една канцеларија за наставници и отворено повеќенаменско спортско игралиште за различни видови на спорт. Наставата се одвива во една смена и 14ученика учат во пет чисти паралелки.Училишниот двор е хотрикултурно уреден со и површинаод 600 м2. Хигиената во училиштето и санитарните јазли е добра. Училниците се затоплуваат со печки на тврдо гориво- пелети.

ПУ воЗубово е сместено во источниот дел на селото во објект од 170 м2 кој е целосно ограден. Располага сотриучилници и една канцеларија за наставници. Настава следат 14 ученика распределени во три паралелки од кои една чиста паралелка- четвтро одделение и две комбинирани пралелки - прво и трето одделение и второ и петто одделение.Санитарните јазли се во состав на училишнаsта зграда и хигиената во училиштето и санитарните јазли е добра. Училишниот двор е со површина од 800м2 вочиј состав има асфалтирано игралиште како и хортикултурно уредена зелена површина во која има поставенодетски реквизити и летниковец. Училниците се затоплуваат со печки на тврдо гориво – дрва.

Во ПУ во с.Самоилово наставата ја следат 11 ученика распределени во две комбинирани паралелки од прво до петто одделение. Училиштето располага со со три училници за изведување една канцеларија за наставници. Училишниот двор е ограден, со дворна површина од 2000 м2 и асфалтирано спортско игралиште за реализирање на наставата по ФЗО.Санитарните јазли се сместени во училишната зграда. Хигиената во училиштето е добра. Училниците се затоплуваат со печки на тврдо гориво-дрва.

ПУ во с. Смоларе е сместено во центарот на селото, изградено во 1947 год. со површина на училишната зграда од430 м2 и дворна површина од 1000м2. Училишниот простор располага со

пет училници и една канцеларија за наставници. Наставата ја следат триученика распределениво една комбинирана паралелка- прво , трето и четврто одделение. Хигиената во училиштето е на добро ниво. Училиштето се затоплува со печки на тврдо гориво - дрва.

ПУ во с. Дражево е сместено во центарот на селото, изградено во 1949 год. со површина од на училишната зграда 180 м2 и дворна површина од 60м2. Училишниот простор располага со две училници и една канцеларија за наставници. Наставата ја следат вкупно три ученика во една комбинирана паралелка- трето и петто одделение. Хигиената во училиштето и тоалетите е на добро ниво. Училиштето се затоплува со печка на тврдо гориво – дрва.

Училиштето во с. Ново Коњарево е сместено во центарот на селото, изградено во 1948 год. со површина на училишната зграда од 260 м2 и дворна површина од 7000м2. Училишниот простор располага со три училници и една канцеларија за наставници. Училиштето располага со отворен спортски терен за изведување на наставата по ФЗО. Вкупно дваедсет и два ученика следат настава во три паралелки од кои две комбинирани паралелки прво и трето одделение и второ и петто одделение и една чиста паралелка со ученици од одделение. Хигиената во училиштето е на добро ниво., училишниот двор е добро уреден и редовно се одржува Училниците се затоплуваат со печки на тврдо гориво – дрва.

Во централното училиште се поставени девет противпожарни апарати, а од подрачните училишта поставени се:два противпожарни апарати во с. Сушица и по еден противпожарен апарат во с. Зубово и Самоилово, Ново Коњарево, Смолари и Дражево кои редовно се сервисираат. Училиштето располага и со вкупно шест хидранти поставени во центалното училиште, додека хидранти во подрачните училишта нема.

Училиштето „Мануш Турновски“ Ново Село е обезбедено со петнаесет камери за видео надзор (внатрешен и надворешен видео надзор), а од подрачните училишта видео назор има само во ПУ с. Сушица- четири камери.

Училишните згради се осигурани преку осигурителната компанија АД „Сава осигурување“- Скопје со полиса бр.00995791 од 1.03.2024 година, вработените се осигурани преку осигурителната компанија АД „Еуро Линк Осигурување “ со полиса бр.010080003426 од 1.03.2024 година, а учениците се осигурани преку осигурителна компанијаАД „ Кроација осигурување“ „ со полиса бр. 010010250749 од 1.12.2023 година.

Наставата во училиште се рализира во две смени, во централното училиште, додека во сите подрачни училишта наставата се изведува во редна смена. Во почетокот учебната 2023/2024 година, во училиштето од I до IX одделение запишани се вкупно 239 ученика,распоредени во 46 паралелки.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра, истата има тенденција на подобрување со континуираната набавка на годишно ниво. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала вклучувајќи книги, ИКТ опрема и истите ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање, но истите од мал број наставници се користат во наставата и во учењето. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Училиштето пред почетокот на учебната година истакнува список на учебници, по донесената одлука од страна на наставниците за тоа по кој учебник ќе се изведува наставата.

Училиштето располага со 11 принтериод кои сите се со скенер и фотокопир,22 телевизори, 22 ЛЦД проектори,10 бели табли, 10смарт табли со кои на наставниците им е овозможено успешна реализација на новата концепција за I, II,III, IV и V одделение; микроскопи, пијано (електрично и класично), опрема за озвучување(миксета, микрофони, сталки за микрофони). Училиштето е добро опремено со спортски реквизити и други нагледни средства и материјали.

Во училиштето функционални се 72 компјутери учениците и наставницитераспоредени во училиниците во централното и во подрачните училиштаи во кабинетот по информатика како и 20 таблети за учениците кои следат насатава по новата концепција за основно образование.За наставниците училиштето обезбедило 13 лап – топ компјутери.

Училишната библиотека располага со 12767 книги од кои: 1940 се лектирни изданија заучениците од I до IX одделение;39 енциклопедии; 81 книга со роднокрајни автори; книги од автори нобеловци – 203; белетристика 70; литература по наставни предмети : македонски јазик 83 книги , историја 32 книги , англиски јазик 310, литература за деца 104 наслови; прирачници 32 броја ; списанија 100 броја и 1 лексикон. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија и речници, училиштето секогаш врши набавки за задоволување на потребите на учениците и вработените.Во библиотеката работат еден стручен соработник библиотекар и пет наставници до надополнување на полн фонд на часови. Годишна програма за работа на библиотеката е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води во печатена форма, но не и во електронска форма. Библиотеката работи во две смени со истакнато работно време од 07:30-15:30 часот – прва смена и од 13:00-17:00 часот втора смена како ирасполага со мал простор за читална. Библиотечниот фонд се зголемува во границите на можностите, но сепак постои недостаток од стручна литература и енциклопедии.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и воннаставните активности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето и во доволни количини.

### 6.3 Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено доволен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес согласно Закон и норматив за наставен кадар. Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 70 наставници. Од вкупниот број наставници, 64 наставници се со високо образование од кои 5 се несоодветни, 1 наставник е со вишо образованиеи 5 магистри.Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети согласно со нормативите. Сите наставници и стручни соработници не се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби. Во училиштето не постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичната обука за нововработените наставници и стручни соработници.

Од наставниот кадар 47 наставника се вработени на неопределено време, 23 наставника се вработени на определено работно време, од кои 1 наставник е наставник приправник. Според полот45се жени и25 се мажи,а според етничката припадност сите наставници се македонци. Во училиштето четиринаставници од други училишта кои дополнуваат часови воООУ „Мануш Турновски“- Ново Село, а три наставници од училиштето дополнуваат часови во друго училиште. Настава од I до V одделение реализираат 27 одделенски наставници, а од VI до IX до деветто одделение настава реализираат40 наставника. Наставниот кадар воглавно е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности.Со наставникот

приправник работи наставник ментор согласно изготвена програма за работа на наставник приправник. Во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето превзема активности за соодветна замена со целцелосно остварување на годишниот фонд на часови.

Наставниците поседуваат квалификации и искуства стекнати низ процесот на нивно стручно оспособување, но кај значителен дел недостасуваат вештини за задоволување на различните потреби на учениците. Наставниците работат како тим во рамките на стручните активи за исполнување на целите на наставата. Во воспитно-образовниот процес вклучен е иеден образовен асистент за ученикот со посебни образовни потреби.

Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на стручната служба: педагог, психолог и библиотекар и административно-техничкиот персонал директор, секретар и останат технички кадар. Стручната служба на училиштето им помага на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош. Стручната служба, педагогот и психологот им помагаат на наставниците во планирањето и организацијата на наставата и работата во училиштето и го следат напредокот на учениците, советодавно работат со учениците, родителите и наставниците и секогашсе отворени за соработка.За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби стручната служба има план за следење и работа со учениците.

Вработените го почитуваат работното време. Редовноста и извршувањето на работните задачи се контролира од страна на раководниот орган. Во случај на отсуство на некој наставник се наоѓа соодветна замена.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година.

Од разговорите со наставниците и стручната служба е констатирано дека постои потреба од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на нивните компетенции.

Голем број наставници имаат изработен личен план за професионален развој и голем број од планираните активности се во согласност со планирани обуки одобрени од Министерството за образование и наука. Училиштето на основа на личните планови ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој.Стручната служба ги следи наставниците, нивните обуки, семинари и други форми на стручно усовршување и професионален развој. Задоволува водењето и ажурирањето на портфолијата за професионален развој на наставниците.

Наставниците учествуваат на обуките организирани од страна на Биро за развој на образованието и обуки и семинари одобрени од МОН, но мал дел од наставниците, покрај предвидените обуки за професионален развој понудени од страна на БРО, посетуваат други обуки и тоа најчесто он–лајн. Во училиштето не се спроведуваат дисеминации по реализираните обуки.

Наставниците од I, II,III, IVи V одделение ги имат следено обуките за новата Концепција организирани и спроведени од страна на БРО. Во однос на правилна реализација на Концепцијата, спроведување на предвидените сценарија како и активностите предвидени со годишната наставна програма, за кои наставниците следеле обука во текот на учебната 2023/24 наставниците се уште не се посетени од советник од БРО. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен.

Училиштето нема изготвено Правилник за доделување признанија и награди на вработени, има внатрешни механизми за оддавање признанија на наставници кои внесуваат ефективни иновации во наставата.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските прописи.Училиштето има донесено Финансиски план за 2024 година, бр. 02-470/7 од 20.12.2023 година за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење на училиштето и усвоен Извештај и Завршна сметка за 2023 година со бр. 05-73/1 0д 4.03.2024 и 05-73/2 од 04.03.2024 година. Училиштето работи со две сметки: буџетска -903 и сопствена-787 сметка.Вработените со финансиските активности на училиштето се запознаени на состаноците на Наставнички совет.

Училиштето има донесено План за јавни набавки со архивски број05-1/1 од 10.01.2024 година, 05-1/2 од 29.01.2024 година , 05-1/3 од 07.02.2024 година и 05-1/4 од 06.03.2024 година. Има формирано Комисија за јавни набавки со Одлука бр. 05-29/1 од 29.01.2024 г. и има обучено лице за спроведување на јавни набавки со електронски аукции.

Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од страна на Училишниот одбор.Финансиските средства обезбедени од општината ги задоволуваат основните потреби за функционирање училиштето и директорот применува механизми за обезбедување на минимални дополнителни финансиски средства со издавање на училишен простор под закуп. За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Училиштето добива финансиски средства од буџетот на Република Северна Македонија и основачот и редовно ги известува за приходите и расходите и наменското трошење на средствата.

Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се предлагаат на усвојување до Советот на општината.Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, безбедни и пријатни услови за работа и престој во училиштето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

## 7.УПРАВУВАЊЕ,РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

### 7.1 Управување и раководење со училиштето

Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на училишниот одбор. Сите членови на Училишниот дбор се со важечки мандати. Училишниот одбор обезбедува информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Училиштето не спрроведуваобука на новоизбраните членови на училишниот одбор.Училишниот одборделумно учествува во креирањето училишни политики за еколошка едукација и не доволно учествува вополитики во кои сеафирмира на инклузивноста на училиштето, меѓуетничката интеграција и граѓански активизам. Во оваа наставна година до денот на надзорот одржани се состаноци на Училишниот одбор кои се планирани во согласност со Програмата за работа на Училишниот одбор и тековните активности кои произлегуваат од законските обврски на Училишниот одбор. Надлежностите на Училишниот одбор се јасно дефинирани во Статутот на училиштето. Членовите на Училишниот

одбор се запознаени со Развојниот план на училиштето.За регулирање на својата работа Училишниот одбор има Деловник за работа со број 02-143/4 од 1.06.2022 г. година во кој е пропишан начинот на работење, повикувањето на состаноци, присуството на членовите на одборот и други обврски. Училшниот одбор ја разледал и предложил Годишната програма за работа на училиштето со дел.бр. 02-284 од 14.08.2023 г. година до Совет на Општина Ново Село во која се застапени конкретните цели за тековната година. Работата на Училишниот одбор задоволува. Училишниот одбор има добра соработка со раководниот орган. Училишниот одбор ја одразува социјалната и културната средина во која се наоѓа училиштето и во рамки на своите можности учествува во спроведување на хуманитарни акции и активности за промовирање на училиштето.Членовите на училишниот одбор недоволно се запознати со законските и подзаконските акти во основното образование. Училиштето има Статут бр. 02-83/2 од 19.03.2021 и Дополнување на Статутот на училиштетро бр. 02-83/3 од 19.03.2021 г. за кој има добиена согласност од Министерство за образование и науkана Република Северна Македонија. Раководниот орган има визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите чинители во животот на училиштето. Објективно го оценува работењето на вработените, нивниот придонес во тимската работа, донесува одлуки, има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, ги имплементира промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план и во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрување на условите за работа, воспоставувапартнерства во непосредната и во пошироката заедница, но нема партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието. Во Програмата за развој на училиштето за период од 2020-2024 г. бр. 02-38/3 од 14.02.2020 г. од година јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето и јасно се определени целите и задачите и приоритетите за развој по години. Во својот период на раководење директорот превзема активности за подобрување на условите за работа во училиштето. Поголемото внимание и време директорот го насочува кон остварување на административно-организациските работи и донесува одлуки кои се во негова недлежност. Најголемиот број на субјекти кои се заинтересирани за работата во училиштето се изјаснија дека училиштето во континуитет е добро раководено и дека соработуваат со директорот. Директорот своето работење го заснова на тимска работа со вклучување на поголем дел од вработените. Директорот има поддршка и добра соработка со најголем број од наставниците, стручните соработници, родителите, учениците и локалната заедница.

### 7.2 Цели и креирање на училишна политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Целите на државната политика училиштето ги има имплементирано во годишната програма за работа и програмата за развој. Образовната политика и во двата документи се креира по насоките дадени од страна на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Училиштето ги информира наставниците и родителите преку формалните органи за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати и извештаи од работењето на училиштето и сите наставниците се подеднакво вклучени во тимовите и нивната реализација. Во реализацијата на целите вклучена е и локалната заедница. Ангажираноста на советот на родители во креирањето на развојната политика задоволува. Родителите се запознати со целите на училиштето и се вклучени во нивната реализација. Наставниците потенцираа дека имаат добра, плодна поддршка од стручните соработници. Училиштето има извршено самоевалуација на работењето која била

основа на развојното планирање и во тек е изготвување на нов разовоен план, за следните четири учебни години. Училиштето потребите за усовршување на наставниот кадар ги идентификува преку процедура на договарање на стручните активи, наставнички совет. Има подготвено акт-Програма за стручно усовршување на вработените која е во состав на годишната програма за работа. Остварувањето на програмата зависи од обемот на финансиски средства кои се обезбедуваат за таа намена.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува. Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. Во училиштето има лице со сертификат за јавни набавки кое заедно со комисијата и помош од директорот ги спроведуваат јавните набавки во училиштето. Јавните набавки за обезбедување на хигенски средства, канцелариски материјал, градежен материјал, помошен материјал, систематски и санитарни прегледи, превоз и други средства за реализација на настава ја спроведува училиштето согласно годишниот план за јавни набавки за 2024 година. Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства. Со финансискиот план од редовната сметка планира средства за оспособување и ставање во функција нагледни средства кои се нефункционални со што би го подобрил квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина. Училиштето ги информира наставниците, учениците и рпдителите за резултатите кои треба да се постигнат и ниниот тек на реализација.

# 8.НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1. Силни страни

- ✓ Добра училишна клима и односи во училиштето,професионална соработка помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес;
- ✓ Неселективен и подеднаков однос на наставниците спрема учениците во процесот на наставата без разлика на половата, етничката и социјалната припадност;
- ✓ Добри просторни услови за работа и опременост со ИКТ-опрема и нагледни средства која во континуитет се осовременува за реализација на наставни и воннаставни активности;
- ✓ Активно учество во манифестации и настани организирани од општината;
- ✓ Континуирано одржување на училиштето и добра хигиена во училишните згради;
- ✓ Добро раководење, управување и финансиско работење на училиштето кое се темели на соработката со органите на училиштето, општината, граѓанскиот сектор и МОН.

## 8.2. Слаби страни

- ✓ Училиштето нема увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците и во продавниците во околина на училиштето;
- ✓ Училиштето нема партнер училиште за реализирање на заеднички активности во рамките на проекотот МИМО;
- ✓ Во училиштето нема обучени наставници за давање на Прва помош;
- ✓ Реализација на мал број воннаставни активности и часови од дополнителна настава;
- ✓ Мал број на ученици во паралелките;
- ✓ Училиштето има регистрирано УСК „Мануш Турновски“, но истиот не е вклучен во системите на натпревари кои ги организира федерацијата на училишни спортови на Република Македонија.
- ✓ Училиштето нема изготвено Правилник за доделување признанија и награди на вработени, кои внесуваат ефективни иновации во наставата.

## 8.3. Препораки

- ✓ Да се изврши увид во квалитетот на храната во продавниците во околината на училиштето;

- ✓ Училиштето да најде партнер училиште и да склучи меморандум за соработка и да реализира на заеднички активности во рамките на проектот МИМО со партнерското училиште;
- ✓ Училиштето во соработка со Црвен крст Струмица да организира обука на наставници за давање на Прва помош ;
- ✓ Да се обезбеди реализација на поголем број воннаставни активности и реализација на часови од дополнителна настава;
- ✓ Оптимизација на паралелките за постигнување на поголем број на ученици во паралелките;
- ✓ Училишниот спортски клуб„Мануш Турновски“ Ново Село да се вклучи во системите на натпревари кои ги организира федерацијата на училишни спортови на Република Македонија.
- ✓ Улилиштето да изготви Правилник за награди и признанија на вработени кои внесуваат ефективни иновации во наставата.

| | |
|---|---|
| Драган Бојмалиев-раководител на инспекцискиот тим | |
| Ѓорге Здравев-членна инспекцискиот тим | |
| Викица Манолева Петрова -членна инспекцискиот тим | |